**ПРОЕКТ "ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ПРИСТАП КОН ЕУ" 4861-МК**

**БАРАЊЕ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС**

**КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ - Консултантска фирма**
**Избор базиран на квалификации на консултантот (CQ)**

**Држава:** Република Македонија
**Краен рок:** 3 ноември 2010 год.

Ова Барање за изразување на интерес следува по општиот оглас за набавки за овој проект објавен во UN Development Business на 2 јули 2007 година.
Владата на Република Македонија доби заем од Светска Банка за поддршка на Проекот за зајакнување на земјоделството и пристап кон ЕУ (Agriculture Strengthening and Accession Project – ASAP) и има намера дел од добиените средства да ги искористи за обезбедување на консултантски услуги за **Изработка на проекти за реновирање и надзор на работите за подрачните единици - одделенија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во следниве градови: Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Кочани, Битола, Струга, Гевгелија, Куманово, Тетово и Гостивар.**

Консултантските услуги вклучуваат:

- Изработка на проекти за реновирање на подрачните единици на МЗШВ вклучувајќи проценка на трошоците;
- Подготовка на релевантни технички спецификации, цртежи и предмери на количини за секоја подрачна единица;
- Супервизија на изведувањето на работите.

Потребни квалификации:

- Консултантската фирма треба да има најмалку 5 годишно потврдено искуство во работа на слични проекти;
- Консултантската фирма треба да биде лиценцирана за дизајн и супервизија на работите предмет на набавка согласно релевантните закони од оваа област;
- Искуство со реновирање на министерства, агенции и други државни институции ќе се смета за предност;
- Консултантската фирма треба да обезбеди или назначи соодветни специјалисти од следниве профили: дипломиран градежен инженер, дипломиран архитект, дипломиран електро инженер и дипломиран машински инженер, сите со минимум 5 годишно проефесионално искуство во работа на слични проекти по завршување на факултетот.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги повикува заинтересираните фирми да изразат интерес за обезбедување на услугите. Заинтересираните консултанти мора да обезбедат информации со кои ќе покажат дека се квалификувани да ги изведуваат услугите (портфолио на фирмата, брошури, опис на слични ангажмани, искуство во слични услови, поседување на соодветни вештини на персоналот, итн). Консултантите може да се здружат за да ги зајакнат нивните квалификации.

Консултантот ќе биде избран во согласност со процедурите од Упатството на Светска Банка: ***Избор и вработување на консултанти од страна на зајмувачи од Светска банка***, мај 2004, ревидирано октомври 2006.

Заинтересираните консултантски фирми може да добијат накнадни информации на долнава адреса секој работен ден од 9 до 16 часот.

Писмото со изразување на интерес (целосната документација на македонски и англиски јазик) треба да биде доставено на наведената адреса најдоцна до 3 ноември 2010 година:

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Проект за зајакнување на земјоделството и пристап кон ЕУ
Влатко Мркев - Специјалист за набавки
Ул. Јуриј Гагарин бр. 15
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: + 389 2 3228 639
E-mail: v.mrkev@asap.com.mk
Web site: www.mzsv.gov.mk